# МКД 04

## Компензација не била доделена и покрај успешната кривична постапка

Жртвата била сместена во дом за деца без родителска нега. На 12 години станала жртва на трговија и присилен труд, како и на сексуална експлоатација. Кривичното дело се случило на неколку локации низ Македонија, а прво била принудувана да работи во домот на сторителот и да дава сексуални услуги на мажи во различни делови на државата. Додека престојувале во еден помал град, сторителот дознал дека жртвата е бремена. Свесен дека не може да има профит од бремено малолетно девојче, сторителот ја испратил жртвата во Скопје, со цел да ја прекине бременоста. Жртвата ја искористила можноста да го пријави случајот во НВО. Обвинителството спровело брза и ефикасна истрага и сторителите биле осудени на 17 години затвор. Сепак, старателот и правниот застапник на жртвата не биле поканети на судското рочиште каде можеле да побараат компензација за жртвата. Затоа, по истекот на кривичната постапка, жртвата покренала постапка во граѓански суд со цел да побара компензација од сторителите.